# И Н Ф О-К О Ч А Н И

МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

www.kocani.gov.mk

Општина Кочани
Градоначалник на Општина Кочани

## НОЕМВРИ 2024 г.



**Можност за следење на квалитетот на амбиентниот воздух на територија на општина Кочани**

Состојбите и информациите за квалитетот на амбиентниот воздух на територија на општина Кочани за честичките ПМ 10 и ПМ 2,5 од мерната станица поставена на општинската зграда може да ги следите на веб-страницата:
**https://ekodata.live/?page=kocani&module=cards**

За пристап до состојбите и информациите од петте сензори за индикативни мерења на ПМ 10 и ПМ 2,5 честички во амбиентниот воздух поставени на територијата на општина Кочани на пет јавни објекти во Кочани: ОМУ „Ристо Јуруков“, СОУ „Гошо Викентиев“, СОУ „Љупчо Сантов“, на објектот „Сончогледи“ од Детската градинка „Павлина Велјанова“ и на административната зграда на КЈП „Водовод“, потребно е да ја симнете апликацијата на линкот: https://getaircare.com/.





**Итна деблокада на патот кон депонијата – побараа Кризниот штаб за заштита и спасување на општина Кочани и Локалниот совет за превенција**

Кризниот штаб за заштита и спасување и Локалниот совет за превенција како високи општински тела одговорни за подобрување на локалната безбедност и заштита на граѓаните, на итен повик од градоначалникот Љупчо Папазов одржаа состанок на кој се разгледуваше состојбата со блокадата на регионалниот пат Зрновци – Пониква и на Градската депонија кај селото Бели и потенцијалните последици од блокадата во однос на здравјето и безбедноста на граѓаните.

– Овде сме да најдеме решение и да повикаме на разум и разбирање. Главната причина е неможноста КЈП




„Водовод“ да ја извршува својата основна дејност, поради што проблемот од месноста Тупанец се пренесува во градот. Механизацијата на „Бехтел и Енка“ направи грандиозен градежен зафат, организирано е 24-часовно обезбедување на депонијата и таа повеќе не чади. Механизацијата ќе биде тука до вторник, а на КЈП „Водовод“ ќе му треба време да го собере и да го транспортира натрупаниот отпад во градот. Сега ни е шансата, овие 3-4 дена да ја искористиме тешката механизација за организирање на отпадот. Да не се доведеме во ситуација да се создадат огромни количини отпад коишто ќе ја влошат дополнително ситуацијата на депонијата. Очекувам разбирање, за да може и Општината и КЈП „Водовод“ да продолжат понатаму со редовната работа – истакна градоначалникот Папазов.

По дискусијата беа донесени следните заклучоци: комуналниот отпад од соседните општини да престане да се донесува на Градската депонија во Кочани; КЈП„Водовод“ – Кочани веднаш да пристапи кон собирање и транспортирање на комуналниот отпад од градот и населените места до Градската депонија; инспекциските служби во Општина Кочани веднаш да се вклучат во контрола на терен за следење на заклучоците од Локалниот совет за превенција и Кризниот штаб на Општина Кочани; ЈЗУ Центар за јавно здравје – Кочани, Центарот за управување со кризи – Кочани и Дирекцијата за заштита и спасување – Кочани да се вклучат во мониториг на теренот и навремено, во рамки на нивните надлежности, да преземат превентивни и други мерки за заштита на граѓаните на општина Кочани. Во краен случај надлежните институции во рамки на своите надлежности итно да преземат мерки за обезбедување на патниот правец Кочани – Пониква од блокадата од група на граѓани со цел да се обезбедат услови за непречено вршење на дејноста на КЈП „Водовод“ – Кочани и да се заштити здравјето и безбедноста на граѓаните на Општина Кочани.

Поради тоа што на состанокот не присуствуваа претставници на граѓаните и здруженијата што го блокираат патот кон Градската депонија, членови на двете општински тела се упатија на блокадата, за лично да ги пренесат заклучоците од Кризниот штаб за заштита и спасување и Локалниот совет за превенција.



**КЈП „Водовод“ ќе го носи отпадот на Градската депонија во Кочани**

Членови на Кризниот штаб за заштита и спасување и на Локалниот совет за превенција се сретнаа со граѓаните и здруженијата што го блокираат патот кон Градската депонија, за да им ги пренесат заклучоците по одржаниот итен состанок.



По долга дискусија беше договорено камионите на КЈП „Водовод“ да можат да го носат отпадот на депонијата. Граѓаните што протестираат остануваат на барањето за повлекување на одлуката на Владата со која отпадот од другите општини се носи во Кочани и побараа градоначалникот на Кочани Љупчо Папазов да го застапува ова нивно барање пред Министерството за животна средина.

Граѓаните најавија дека протестите на крстосницата кај селото Бели ќе продолжат.







**Комуналното јавно претпријатие го депонира отпадот на Градската депонија – градоначалникот Папазов и надлежните повикуваат штрајкувачите да дозволат „Водовод“ нормално да си ја врши работата**

На Градската депонија во Кочани увид на активностите за транспорт, депонирање и компресирање на отпадот направи градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов со претставниците од Локалната самоуправа кои учествуваа интензивно во средувањето на состојбата на депонијата и со претставниците и директорката на Комуналното јавно претпријатие кои викендов направија максимални напори за да го соберат заостанатиот отпад во градот.

– Можеме да констатираме дека се исполнети сите услови кои беа поставени од луѓето што протестираат, можете да видите дека депонијата не чади и може да се забележи дека има стражарска служба. Се поставува видеонадзор, а се обезбедени и доволно количини земја за третирање на отпадот. Сметам дека рокот од 48 часа, којшто трае до 20 часот, денес на 3 ноември, е недоволен за „Водовод“ да ја заврши целосно работата. Заостанати се повеќе количини отпад во домовите, а од она што беше во контејнерите и на терен е собрано скоро сè. Мојот апел до штрајкувачите е да дозволат КЈП „Водовод“ да си ја врши својата работа – повика градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов.

– Во петокот кога КЈП доби дозвола за транспорт на отпадот, веќе имавме во Стопански двор возила со ѓубре од минатата недела, полни пет камиони и два трактора кои го однесоа отпадот и веднаш продолжија со собирање на сметот од контејнерите во централното градско подрачје. Од петокот до денес се депонирани околу 700 метри кубни смет, односно се направени околу 45 тури или дневно се депонирани околу 250 метри кубни. Досега е собран сосема мал дел од ѓубрето во домовите, така што за да се вратат во нормала и домаќинствата ќе ни треба повеќе време. Возилата за транспорт на отпадот се навраќаат

| | |
|---|---|
| | повторно за да ги празнат контејнерите, затоа што отпадот континуирано се создава – изјави Кристина Финдачка, директорка на КЈП „Водовод“.<br><br>По петочната средба на претставници на Општинскиот кризен штаб за заштита и спасување и на Локалниот совет за превенција со штрајкувачите, Општина Кочани и КЈП „Водовод“ постапуваат по донесените заклучоци, со што е стопиран транспортот на отпадот од општините Виница, Чешиново-Облешево и Зрновци. Надлежните очекуваат граѓаните што го блокираат патот кај селото Бели да го имаат предвид значењето на механизацијата на „Бехтел и Енка“ за натамошното функционирање на депонијата и дека нема да дозволат блокадата повторно да го затрупа градот со отпад. |
|  | **Општина Кочани го објави конкурсот за студенски стипендии за 2024/25 година**<br><br>Општина Кочани го објави конкурсот за доделување стипендии на редовни студенти жители на општина Кочани за академската 2024/2025 година. Општината ќе додели 30 стипендии на студенти запишани на прв циклус студии на јавните високообразовни институции во Република Северна Македонија и тоа: најмногу пет стипендии за студенти од ромската етничка заедница и студенти лица со попреченост и со ретки болести, десет стипендии за студенти од социјално загрозени семејства, најмногу пет стипендии за студенти запишани на факултети за медицински науки, а останатите – за студенти кои постигнале висок успех во студирањето.<br><br>Доколку на јавниот конкурс не се пријават студенти од ромската етничка заедница, студенти кои се лица со попреченост и лица со ретки болести, студенти запишани на факултети за медицински науки или нивните пријави се оценети како неприфатливи, стипендиите распределени за овие категории, може да бидат доделени на студенти од социјално загрозени семејства пријавени по јавниот конкурс, кои ги исполнуваат условите за доделување стипендија, според редоследот на рангирање по бодови согласно изготвената ранг-листа.<br><br>Месечниот износ на општинската студентска стипендија е 3.500 денари, а се доделува десет месеци.<br><br>Пријавата и потребните документи се поднесуваат до Едношалтерската канцеларија на Општина Кочани или по пошта на адреса: Општина Кочани, ул. „Раде Кратовче“ бр. 1, Кочани, најдоцна до 15 ноември 2024 г.<br><br>Условите, критериумите за доделување на стипендиите, начинот и обрасците за пријавување се објавени на веб- |

<table>
<tr><td></td><td>страницата на Општина Кочани, kocani.gov.mk и на огласната табла пред општинската зграда.</td></tr>
<tr><td><br><br></td><td>Отворен 18. Саем на книгата Кочани<br><br>Од 4 до 9 ноември во организација на Јавната општинска установа библиотека „Искра“, под мотото „Сакам бистар ум – затоа читам“, се одржува 18. Саем на книгата во Кочани.<br><br>Саемот го отвори градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов.<br><br>– Со овој традиционален културен настан градиме култура кон читањето и во овој век на дигитализација и брз техничко-технолошки напредок книгата, сепак останува во мода – истакна Папазов. Цитирајќи го нобеловецот Ернест Хемингвеј градоначалникот ги повика младите што повеќе да бидат со најлојалниот пријател – книгата.<br><br>На овогодишниот Саем на книгата во Кочани се претставуваат 13 издавачки куќи, кои на кочанската читателска јавност ѝ нудат познати и нови наслови од најразлични жанрови.<br><br>Гостинка на настанот беше познатата македонска авторка Фросина Пармаковска, која во непосредна, пријатна атмосфера разговараше со присутните за творечкиот книжевен процес и за создавањето на ликовите во нејзините дела.</td></tr>
<tr><td><br></td><td>Крени глас против врсничкото насилство – едукативна работилница за родители<br><br>На 5 ноември во МКС во Кочани се одржа четвртата едукативна средба од кампањата „Крени глас против врсничкото насилство“, наменета за родителите од Кочани, Виница и Берово.<br><br>На настанот учествуваа актерот Сашко Коцев, психолозите Деспина Стојановска и Марија Величкова, директорката на ОУ „Дедо Иљо Малешевски“ во Берово Наташа Аврамска, како и родители кои од личен агол даваа предлози за помош во решавањето на врсничкото насилство.<br><br>Се дискутираше за препознавање на знаците и методите за спречување на врсничкото насилство, влијанието на набљудувачите, како и за методите со кои може да се работи на градење на самодоверба кај дечињата. Беше констатирано дека кога е во прашање врсничкото насилство, само заеднички и преку отворена комуникација, може да се поттикнат промени на подобро.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | Работилницата во Кочани е дел од општествено одговорната кампања на Макпетрол. |
|  | **Општина Кочани распиша оглас за организирање Новогодишен базар во Паркот на Револуцијата**<br><br>Општина Кочани распиша оглас за организирање Новогодишен базар, по пат на јавно наддавање, настан што ќе се организира во Паркот на Револуцијата, во периодот од 20 декември 2024 до 14 јануари 2025 година.<br><br>Комисијата за организирање на Новогодишниот базар ги повикува заинтересираните правни субјекти регистрирани во Централен регистар, да учествуваат на јавното наддавање што ќе се спроведе на 18 ноември 2024 година, во 12 часот во просториите на Општина Кочани. Учесниците на јавното наддавање треба да уплатат 10 % од почетната цена за лицитација до почетокот на самата лицитација. Почетната цена за јавното наддавање изнесува 20 000 ден., со праг на наддавање од минимум 2 000 ден.<br><br>Јавното наддавање за организирање на Новогодишниот базар ќе се смета за успешно ако се пријават најмалку двајца учесници.<br><br>Обврска на закупецот ќе биде да обезбеди најмалку десет монтажно-демонтажни објекти и штандови изработени од дрво или плексиглас, за продажба на: храна, пијалаци, сувенири, ракотворби и сл. Закупецот има обврска да ги издава монтажно-демонтажните објекти и продажните штандови согласно законските прописи. |
| <br><br> | **Детската градинка „Павлина Велјанова“ почна со реализацијата на проектот „Учење во природа“ од ЕУ-програмата Еразмус плус**<br><br>Јавната општинска установа детска градинка „Павлина Велјанова“ денеска официјално го започна новиот проект „Учење во природа“, поддржан со финансиски средства од програмата Еразмус плус на Европската Унија.<br><br>Вработените во кочанската градинка и децата од 4 до 6-годишна возраст ќе ги реализираат планираните активности со проектните партнери од детски градинки од Чешка и Турција и од основно училиште од Полска.<br><br>Целта на проектот е да даде позитивен придонес кон менталниот, физичкиот, емоционалниот и социјалниот развој на детето преку учење во природа, односно децата да станат свесни за климатските промени и зачувување на околината преку физички активности и тимска работа. |

| | |
|---|---|
| <br> | Почетокот на проектот го поздрави градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов, кој истакна дека Локалната самоуправа секогаш ќе биде поддршка секогаш за вакви проекти со далекусежно значење за генерациите.<br><br>– Со брзиот развој на дигитализацијата во последниве години, движењето на децата во природа, а со тоа и нивната имагинација, креативност и развој се ограничени, затоа сметам дека овие проектни активности ќе ги приближат децата кон играта и престојот и учењето во природа – истакна градоначалникот Папазов.<br><br>Почетокот на проектот го поздрави и пратеникот во Собранието на РС Македонија Миле Лефков.<br><br>Во рамките на проектот, а во знакот на одбележувањето на Националниот ден на дрвото во Турција, во дворот на објектот „Цветови“ беше засадена млада јаболкница.<br><br>Проектните активности во Кочани ќе се реализираат до крајот на оваа работна седмица. |
| <br> | **Спроведена втората фаза од дератизацијата во Кочани и населените места**<br><br>Согласно Програмата за спроведување општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Кочани за 2024 година и врз основа на договорот кој Општина Кочани го склучи со носителот на набавката „Лиса ком МС“, од Кавадарци, во петокот, на 8 ноември е спроведена втората фаза од општата дератизација во Кочани.<br><br>Во координација со Општина Кочани и со поддршка од технички персонал од КЈП „Водовод“, со дератизација се опфатени Градската депонија и канализациските системи во Кочани, како и селата Мојанци, Горни и Долни Подлог, Грдовци, Тркање, Прибачево и Оризари.<br><br>Во втората фаза од дератизацијата се употребени 250 кг кумарински препарат во облик на парафински блокови кумарински мамки. |
|  | **Заврши рехабилитацијата на улицата „Илинденска“ во Кочани**<br><br>Со асфалтирањето на вториот дел од улицата „Илинденска“, заврши рехабилитацијата на 400 метри од оваа сообраќајница во централното градско подрачје на Кочани.<br><br>Според стручните служби рехабилитацијата опфати и изградба на потпорен ѕид и на сливници за атмосферската вода. |

| | |
|---|---|
|  | Работите ги изведе градежната фирма „Стоименов“ од Кочани.<br><br>Средствата во износ од 1 милион и 500 илјади денари се обезбедени од Буџетот на Општина Кочани. |
| <br> | **Со проектот Инклузија на деца Роми во Детската градинка „Павлина Велјанова“ ќе бидат опфатени 20 деца од семејства во социјален ризик од Кочани**<br><br>Градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов, директорката на Детската градинка „Павлина Велјанова“ и министерот за социјална политика, демографија и млади Фатмир Лимани го потпишаа договорот за соработка за проектот Инклузија на деца Роми во јавните општински установи детски градинки за учебната 2024/25 година.<br><br>Со проектот Инклузија на деца Роми во предучилишно образование се ослободуваат од партиципација децата Роми од семејства во социјален ризик.<br><br>Според заклучокот на Владата, за 2024/25 година во Детската градинка „Павлина Велјанова“ во Кочани можност за ослободување од партиципација ќе имаат 20 деца Роми на возраст од 3 до 6 години. |
|  | **Дообразување на триесетина возрасни Роми без основно образование**<br><br>Здружението „Ромалитико“ ќе го спроведува проектот за дообразување на возрасни лица без завршено основно образование, по објавениот повик од Општина Кочани до заинтересирани здруженија на граѓани.<br><br>„Ромалитико“ ќе има за обврска да ангажира лиценцирана школа за дообразување на возрасни и да спроведе дообразување на 30-ина возрасни лица Роми и други ранливи групи од Општина Кочани кои немаат завршено основно образование.<br><br>Општина Кочани за оваа намена има предвидено 200 илјади денари во Програмата за социјална, детска и здравствена заштита за 2024 година, а „Ромалитико“ треба да преземе најмалку 50% учество од трошоците за дообразување.<br><br>Заинтересираните возрасни лица без основно образование се пријавуваат во канцеларијата на Ромалитико во Кочани. |

| | |
|---|---|
| | Во 2023/24 година Здружението Ромалитико самостојно спроведе ваков проект и овозможи дообразување на 100 возрасни лица од Македонија, од кои 10 беа од Кочани. |
| <br> | **ОУ „Крсте Мисирков“ – Оризари одбележа 150 години од раѓањето на патронот**<br><br>Основното училиште „Крсте Петков Мисирков“ во Оризари го одбележа патрониот празник, прославувајќи 150 години од раѓањето на првиот кодификатор на македонскиот литературен јазик и правопис, собирач и проучувач на македонското народно творештво, македонскиот филолог и етнограф, Крсте Петков Мисирков.<br><br>По тој повод, свежо цвеќе на бистата на патронот во училишниот двор положија општинска делегација предводена од градоначалникот Љупчо Папазов, директорката Милева Богданова со вработени во училиштето и ученици.<br><br>По повод празникот на училиштето, во петокот во Спортската сала во Оризари беше приредна богата свечена програма. |
| <br> | **Четвртоодделенците од „Малина Попиванова“ на час со градоначалникот Папазов**<br><br>Учениците од четврто одделение од ООУ „Малина Попиванова“ часот по Историја и општество го одржаа во салата на Советот на Општина Кочани каде што се сретнаа и разговараа со градоначалникот Љупчо Папазов.<br><br>Поставувајќи прашања и следејќи ги одговорите од градоначалникот, во пријатна дискусија учеа непосредно за надлежностите на локалната самоуправа. Учениците се интересираа и за предизвиците со коишто се соочува првиот човек на Кочани при реализацијата на задачите од јавен интерес.<br><br>Средба со градоначалникот е планирана со четвртоодделенците од сите кочански основни училишта. |
|  | **Се асфалтира улицата „Новопроектирана 1“**<br><br>Во јужниот дел на зоната Лесна Индустрија во Кочани, се асфалтира улицата „Новопроектирана 1“, којашто е продолжение на претходно изградениот дел од неа.<br><br>Градежните работи за оваа улица опфатија рамнење и |



набивање на тлото, поставување рабници и сливни решетки и нивелирање на шахтите за атмосферска и за фекална канализација.

Улицата е долга 100 м, широка 7,5 м,  изведувач на работите е „Гама градба“ од Скопје, вредноста на објектот е 3.200.000 денари.





**Започна асфалтирањето на улицата „Гоце Делчев“ во Кочани**

Активностите за рехабилитација на улицата „Гоце Делчев“ во Кочани деновиве продолжуваат со поставување на првиот слој асфалт од нејзиниот северен дел.

На делот од улицата кај Градскиот пазар во тек е тампонирање на коловозот и уредување на тротоарите. Улицата „Гоце Делчев“ се рехабилитира во должина од 690 м, а изведувач на работите е „Ескаватори“.

При уредувањето на оваа улица КЈП „Водовод“ изработи шахта за премин на водоводната линија преку реката.

Средствата се обезбедени од Министерството за транспорт и врски, преку Светска банка.

# СОВЕТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ





**Советот на Општина Кочани едногласно одлучи Градската депонија да не прима отпад од другите општини**

Советот на Општина Кочани на 54. редовна седница донесе едногласна одлука отпадот од Виница, Зрновци, Чешиново-Облешево и другите општини во регионот да престане да се носи на Градската депонија кај селото Бели сè до отпочнувањето со работа на Регионалната депонија во Свети Николе и до избор на постојан оператор за одржување и затворање на кочанската депонија.

Одлуката беше усвоена по дополнувањето на дневниот ред од страна на претседателот на Советот Лазо Митев, а по барање на граѓаните што протестираат на крстосницата кај селото Бели и го блокираат пристапот до депонијата за комуналните возила од соседните општини.

Пред гласањето се обрати градоначалникот Љупчо Папазов, кој истакна дека Општина Кочани е посветена на реализацијата на конечната цел – затворање на депонијата



во Кочани, а еден од важните услови за нејзино остварување  е изградбата на Регионалната депонија во Свети Николе, повикувајќи ги членовите на Советот при носењето на одлуките да се водат во тој правец.

На седницата едногласно беше усвоена и иницијатива да се формира надзорно тело кое, како екопатрола, ќе го контролира начинот на собирање и депонирање на отпадот од територијата на општина Кочани.

При донесувањето на овие одлуки, во салата на Советот беа присутни поголем број граѓани, екоактивисти и учесници на протестот.

Во продолжение на 54.  седница, членовите на Советот на Општина Кочани ги усвоија развојните програми за претстојната 2025 година, извештајот за финансиското работење на КЈП „Водовод“ – Кочани за периодот од 1 јануари до 30 септември 2024 година, како и програмите за изведување ученички екскурзии за општинските основни училишта „Никола Карев“ и „Крсте Мисирков“.

**Општина Кочани**
**ул. „Раде Кратовче“ бр. 1**
**2300 Кочани**
**☎ 033 274 001**
**www.kocani.gov.mk**
**info@kocani.gov.mk**